Australian Macedonian
# TODAY
33 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1958 26 APRIL 2024 FREE


FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# СИЉАНОВСКА ДАВКОВА СО ДВОЈНА ПРЕДНОСТ ВО ПРВИОТ КРУГ НАД ПЕНДАРОВСКИ

## ВО ПРВИОТ КРУГ ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ ГОРДАНА СИЉАНОВСКА ДАВКОВА СО 362.523 ГЛАСОВИ ОДНОСНО 40.09 ОТСТО ОД ГЛАСОВИТЕ, ПО НЕА Е СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ СО 180.182 ГЛАСОВИ ОДНОСНО 19,93 ОТСТО ОД ГЛАСОВИТЕ


Гордана Сиљановска Давкова
362.523 I 40,09%


Стево Пендаровски
180.182 I 19,93%


Бујар Османи
120.768 I 13,36%


Максим Димитриевски
83.761 I 9,26%


Арбен Таравари
83.276 I 9,21%


Билјана Ванковска Цветковска
41.165 I 4,55%


Стевчо Јакимовски
8.095 I 0,90%

# БИТОЛА ИМА СКОРО 5.000 ГЛАСАЧИ ПОМАЛКУ ОД ИЗБОРИТЕ ВО 2021



Избирачкиот список за претстојните претседателски избори во Општина Битола брои 4.783 гласачи помалку од изборите за градоначалник во 2021 година, односно пред две и пол години. Од Општинската изборна комисија (ОИК) потврдија дека разликата во гласачите е околу 5.000, но велат дека тие немаат податоци на што се должи тоа.

Во првиот круг претседателски изброи право на глас имаа 77.271 полнолетен битолчанец, а според страницата на Државната изборна комисија (ДИК) во 2021 на локалните избори во Битола имало 82.054 гласачи.

Неофицијално, одјавени поради иселување има 5.750 битолчани, но и ова не е конечна бројка затоа што има лица кои се на привремена работа во странство, немаат направено промена на адресата и се уште се водат на избирачкиот список како жители на Битола. (СДК.мк)

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au

# На 4 мај во Пустец ќе биде откриена биста на Гоце Делчев



Се финализираат подготовките за 4 мај кога ќе биде поставена биста на апостолот на македонскиот народ, Гоце Делчев, на плоштадот во Пустец кој го носи неговото име, информира Васил Стерјовски, претседател на партијата Македонска алијанса за европска интеграција - МАЕИ, по чија иницијатива се поставува бистата.

- Сите потребни активности се веќе завршени, деновиве ќе биде поставен постаментот а потоа и бистата, која ќе биде откриена на свеченоста што ќе се организира на 4 мај, по повод 121- годишнина од убиството на Гоце Делчев. Голема благодарност до општината, советот и градоначалникот Пали Колефски, за поддршката што ја дадоа на нашето барање. Бистата е донација на нашата партија а автор на истата е Зоран Тошевски, раскажа Стерјовски за МИА.

Уште во 2008 година Советот на општина Пустец донесе едногласна одлука со која плоштадот во Пустец го доби името на Гоце Делчев, а поставувањето на оваа биста ќе биде важен додаток на заедницата и ќе придонесе за зачувување на македонското културно наследство и идентитет во регионот.



# ПАНИХИДА ЗА ДОНЧО ШТИПЈАНЧЕТО - СИМБОЛ НА МАКЕДОНСКИОТ НЕПОКОР

Во црквата „Пресвета Богородица“ во штипско Ново Село, каде што со Делчев ја развивале революционерната дејност, се одржа панихида за Андон Стојанов Тошев познат како Дончо Штипјанчето (родум од светиниколското Ерџелија 1867).

Тој работел како кираџија со свои коњи и станал првиот курир на Гоце Делчев. На 19 април 1896 бил откриен на влезот од Битола како во трите товари ориз има десет празни бомби, а носел и шифрирана кореспонденција која не успеал сосема да ја уништи или проголта пред апсењето.

Турците го подложиле на најжестоки мачења а тој не издал никого. Го осудиле на 101 година во окови, но за кратко време казната му била намалена на 15 години. По речиси година ипол во затвор, во октомври 1897, по Грчко-турската војна, бил амнестиран заедно со сите други политички затвореници.

Се населил во Ќустендил каде и починал на 15 април 1931. Во меѓувреме продолжил со револуционерните активности. Во своите "Спомени" Ѓорче Петров вели: „Доне си создаде име во организацијата како прататко на тврдоста при најголемите страдања. Така се создаде традиција, еден дух да не се искажува, да не се издава ништо...“

Доне Штипјанчето е опеан во повеќе македонски народни песни (најпозната е битолската „Ми товарил калеш Дончо...“) и како симбол на народниот непокор тој доби место меѓу 11 восочни фигури во Музејот на револуционерната борба на македонскиот народ во Штип (поточно во славното Ново Село кое денес е дел од градот) и е една од најпосетените.

Access over 60 lenders in one place
Loan Market
Bundoora
COMMERCIAL LOANS
RESIDENTIAL LOANS
INVESTMENT LOANS
DEVELOPMENT LOANS
BUSINESS LOANS
REFINANCING
Stefan Belevski
0400 101 292
stefan.belevski@loanmarket.com.au
Jim Belevski
0419 547 347
jim.belevski@loanmarket.com.au
9467 8887
Suite 1, 20 Enterprise Drive, Bundoora Vic 3083



LOVE & CO
LOVE REAL ESTATE
При продавање и купување на недвижности во северните предградија на Мелбурн: од Норткот до Витлси и Волерт, за да добиете најдобар резултат во секое време зборувајте со
ILIA MENKINOSKI
0417 528 100
ilia.m@lovere.com.au
Love Real Estate Thomastown
201 High Street, Thomastown
www.loverealestate.com.au 9465 2133



# Силјановска Давкова освои двојно повеќе гласови од Пендаровски




**Силјановска Давкова: Се создаде неверојатна синергија**

- Овој резултат е неверојатно инспиративен за мене. Знам дека она што ќе го ветам и ќе го остварам на мој начин, од првиот ден. Ова е крајот на првиот круг, доаѓа вториот. Запомнете, јас ќе соработувам со партијата што ме предложи, со премиерот, со министрите, но ќе соработувам и со опозицијата, со невладиниот сектор, со медиумите. Ве уверувам дека ќе се обидам дека секој ден и секому да покажам и докажам дека сум таму заради Македонија, изјави кандидатот на ВМРО-ДПМНЕ, Гордана Силјановска Давкова веднаш по објавувањето на првичните резултати.

**Пендаровски: Не очекував вакви резултати**

- Резултатите не се такви какви што очекувавме. Очекувавме помалку, но утре е нов ден, од утре повторно почнуваме со средби со граѓани кои ги пратикувавме и досега и почнуваме практично од нула, истакна кандидатот за претседател поддржан од СДСМ и коалицијата Стево Пендаровски.

**Димитриевски: Се роди 3-тата политичка сила во македонскиот политички блок**

- ЗНАМ, заедно со сите свои поддржувачи испишува нова политичка историја на македонската политичка сцена - се роди третата политичка сила во македонскиот политички блок во земјата. Ви благодарам на сите што гласавте за мене и за моите опоненти, зашто денес победи демократијата. А тоа е целта - Македонија да продолжи обединета а не разединета, изјави Максим Димитриевски, претседателскиот кандидат на партијата ЗНАМ.

**Османи: Го победив Таравари**

- „Европскиот фронт“ има висока предност наспроти коалицијата „Вреди“ и со победа во речиси сите општини во земјата. Сакам да се заблагодарам на сите партии во фронтот: ДУИ, Алијансата за Албанците, ДПА, Движењето народ, ДПЕ, ДПТ, Унијата на Бошњаците, Унијата на Ромите, Интелектуалното движење на Турците. Денешниот глас е аманет за нас и ќе биде одлука за идните политики на оваа држава, кажа Османи.

**„Вреди“: На 8 мај ќе имаме повеќе пратеници од ДУИ**

– „Вреди“ е легитимниот претставник на Албанците зашто кај ДУИ има многу гласови од помалите заедници. Затоа на 8 мај тој резултат ќе биде во наша полза, рече Биљал Касами од коалицијата „Вреди“, чиј кандидат беше Арбен Таравари.




**Мицкоски:**

- Ова е најдобриот резултат што ВМРО-ДПМНЕ го имала од позиција на опозиција. Над 600.000 луѓе гласаа против власта, ова е победа на народот. Цунамито се крена, а на 8 мај ќе ги потопи целосно. Имаме обврска да им ги срушиме сите идеи за калкулации и предавство. Ова е револуција на народот на Македонија. Работата не е завршена, а власта не е нималку наивна. На осми мај е потребен убедлив резултат, јасна победа врз оваа криминална и корумпирана власт, рече победнички лидерот на ВМРО-ДПМНЕ и упати порака до оние кои гласале за власта дека нема да има одмазда кон било кој.

- Ги почитувам вашите уверувања, повеќе никој не смее да ве плаши. Единствено треба да се плашат тие што се огрешиле кон законите, а со тоа се огрешиле кон народот. Е тие ќе одговараат, кажа Мицкоски.

**Билјана Ванковска** истакна дека авангардата гласала за неа. Се надева народот нема да се разочара после година или две од владеењето на новата претседателка, а кај СДСМ е евидентна пасокизацијата (рутење до исчезнување).

**Стевчо Јакимовски** рече дека гласовите што ги доби се далеку од неговите очекувања а дали бирачите биле во право во тоа што го избрале ќе видиме после пет години. На Силјановска Давкова и посака среќа во вториот круг.

На гласањето за претседател на државата што се одржа на 24 април (прв круг) право на глас имаа **1.814.317** бирачи (во Републиката се запишани **1.713.758** бирачи, **95.116** се на привремен престој во странство а **2.147** се во затвор/притвор). Излезноста беше **49.95%**. Од пријавените **2.569** гласачи во дијаспората гласале нешто над половина.

**Во вториот круг, на 8 мај, ќе се избира помеѓу Гордана Силјановска Давкова и Стево Пендаровски.** Истовремено ќе бидат и парламентарните избори. Но уште сега е јасно дека: -
- ВМРО-ДПМНЕ заедно со ЗНАМ и Коалицијата „Вреди“ (можеби и Левица) ќе прават мнозинска влада,
- ДУИ попрво ќе оди во илегала отколку во опозиција,
- СДСМ ќе се бори за опстанок



**Ковачевски:**

- Се надевавме на подобри резултати, но јасно е дека луѓето нè казнија и ние тоа го прифаќаме. Знаеме дека луѓето се уморни од европскиот пат, знаеме дека Европската унија не ги одржа своите ветувања, но нема друга опција освен земјата да биде дел од ЕУ… А дали ќе останам лидер на СДСМ ќе одлучиме на конгрес по 8 мај. Изборите не се олимписки игри каде што важно е да се учествува, туку учествуваме на изборите за да победиме.

# Мицотакис или Пленковиќ – можни нови претседатели на Европската комисија



Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, полека ја губи поддршката од конзервативната група на европски партии (ЕПП) за нов мандат на чело на ЕК и веројатно е дека ќе биде заменета или од грчкиот премиер Киријакос Мицотакис, од хрватскиот Премиерот Андреј Пленковиќ или, пак, од претседателката на Европскиот парламент Роберта Мецола, велат извори во политичкиот врв на ЕУ за германски „Билд“.

Како што пишува весникот и Пленковиќ и Мицотакис веќе изразиле интерес за понудата да бидат кандидати за наследничка на Урсула фон дер Лајен.

Изворите наведуваат дека Фон дер Лајен нема поддршка за нова кандидатура за функцијата претседател на ЕК дури и во рамките на нејзината Христијанско-демократска унија (ЦДУ).




# Милениумците го преземаат пазарот со недвижности




Помладите Австралијци брзо стануваат најактивните инвеститори во недвижнини во земјата, а многумина од нив сами се впуштаат во оваа финансиска авантура, покажа новото истражување на *Комонвелт банката (CBA)*. Според нивните податоците, милениумците го преземаат пазарот, бидејќи дури 46 отсто од новите инвеститори во 2023 година се луѓе родени меѓу 1981 и 1996 година. По нив следува постарата генерација X, родена меѓу 1965 и 1980 година, која учествуваше со 37 отсто од сите нови купувања на инвестициски недвижности во текот на календарската година. Интересен е податокот дека просечната возраст на инвеститорите во недвижности во *Австралија* во 2023 година била 43 години, а просечниот износ на кредитот е малку над $500.000. Истражувањето укажува на тоа дека помладите полесно одлучуваат да поседуваат куќа или стан, и покрај рекордните цени на недвижностите и силните притисоци врз трошоците за живот во изминатиот период. *„Многумина од нив бираат сами да купат имот. Од нашите податоци може да се види речиси една третина од сите милениумски инвеститори всушност сами си го купиле инвестициски имот“* - вели **Мајкл Бауман**, генерален директор на секторот за купување недвижнини при *Комонвелт банка*.

Меѓутоа, кога станува збор за обезбедување пари за депозит, повеќето помлади инвеститори се потпираат на „родителската банка“, како и на советите на мајките и татковците. Од финансиската поддршка на родителите пред се зависат оние милениумци кои купуваат недвижнини во централните и внатрешните предградија на *Сиднеј* и *Мелбурн*, каде што цените се астрономски. Дека вложувањето во недвижности достигнало големи размери, покажуват и податоците на *Австралиското биро за статистика (АБС)*, според кои инвеститорите биле клучниот двигател на новите кредити минатата година, при што растот на кредитирањето во овој сегмент достигнал 18.5 отсто.

Во исто време, за 13.2 отсто се зголемиле кредитите дадени на луѓе кои првпат купуваат имот, а стапката на кредити за купување стан или куќа за живеење е зголемена за 3.4 отсто. Д-р **Мајкл Бауман** од Комонвелт банка вели многу купувачи на недвижнини одлучуваат да продолжат да живеат во изнајмени станови и тоа го објаснува со трендот на „рентвестинг“ кој веќе долго време постои во *Австралија*. *„Интересно е што се уште ја гледаме тенденцијата на многу Австралијци да купуваат имот таму каде што можат да си го дозволат, таа недвижнина ја издаваат, а живеат во изнајмени станови во деловите на градот каде што сакаат да живеат. „Рентвестинг“ им дава можност на луѓето порано да влезат на пазарот на недвижности, да купат стан или куќа во поевтин дел од градот и не мора да се откажат од начинот на живот на кој се навикнати да живеат како станари во подобри области“* - рече д-р **Бауман**.

### Најголем промет во центарот на Сиднеј

Податоците на CBA покажуваат во 2023 година, најмногу инвестиции биле купени во центарот на *Сиднеј*, во делот на западен *Мелбурн* околу *Хоперс Кросинг* и *Тарнејт*, потоа северозападно од *Сиднеј* во областа на најголемиот инфраструктурен развој што го вклучува *Келивил, Рауз Хил, Бокс Хил* и *Норвест*, односно околу *Марсден парк*. На врвот се наоѓа северот на *Мелбурн*, поточно предградијата *Крегибурн* и *Миклхем*.

Податоците од *Great Southern Bank* покажуваат само една третина од милениумците кои купиле недвижнина го направиле тоа без било каква финансиска помош. Процентуално, токму милениумците, луѓето кои минатата година имале меѓу 27 и 42 години, го сочинуваат најголемиот дел од луѓето на кои им помагале родителите или другите роднини - 36 отсто. Зад нив е генерацијата Z (родени меѓу 1997 и 2012 година) со 32 отсто, потоа генерацијата X (1965-1980 година) со 20 отсто и на крајот бејби бумерите (родени меѓу 1946 и 1964 година), кои сочинуваат удел од 11 отсто меѓу оние кои купиле недвижен имот.

# Јадеме помалку овошје и зеленчук од зголемените трошоци за живот



Во *Австралија* се јаде се помалку свежо овошје и зеленчук, покажуваат податоците на *Австралиското биро за статистика (АБС)*. Анализата за кои и колку продукти се продале во 2023 година, открива дека на сметка на здравата храна се зголемила продажбата на замрзната преработена храна, како што се поховани пилешки филети и нагетс. *АБС* пресмета дека Австралијците минатата финансиска година јаделе за седум отсто помалку зеленчук во споредба со 2021-2022 година, што е 14 грама помалку зеленчук дневно по лице. Исто така, дневната потрошувачка на овошје се намалила за слична количина, 12 грама дневно, што е вкупно намалување за осум отсто во однос на една година претходно.

Австралиските насоки за исхрана, како официјален државен документ со препораки за внесување здрави количини храна, препорачуваат да се јадат најмалку пет порции зеленчук дневно, што е некаде околу 600 грама. Меѓутоа, до оваа препорака се придржуваат само шест отсто од децата и само еден од седум возрасни во земјава. Имено, во 2022-2023 година, Австралијците во просек купувале само 186 грама зеленчук дневно, што е помалку од 200 грама кои се купувало минатата година. Што значи купивме речиси четири отсто помалку храна во 2022-2023 година, отколку претходната година, а се проценува дека причината за тоа е што инфлацијата и зголемените трошоци на живот во тој период извршиле поголем притисок врз буџетот на домаќинствата. И додека потрошувачката на повеќето свежи производи е намалена, продажбата на други прехранбени производи се зголемила. На пример, продажбата на замрзнат чипс е зголемена за 16 отсто во последните пет години, а продажбата на чоколадо се зголемила за нешто помалку, 10 отсто.

Прехранбените производи од житарки и готови јадења, кои вклучуваат претходно подготвени оброци како пица, тестенини и суши, пораснале за девет отсто. Исто така, *АБС* соопшти, продажбата на замрзнатите јадења од пилешко месо, како што се филети и нагетс, се зголемила за 2.6 отсто. *„Многу продукти чија продажба падна во текот на 2022-23 година, се дел од долгорочните трендови. Конзумираме меѓу пет и осум отсто помалку млеко, леб и овошни сокови по лице, во споредба со 2018-19 година“* - рече **Пол Атјео**, портпарол за здравствена статистика при *АБС*.

Податоците кои ги користел *АБС* при спроведувањето на истражувањето се само за продуктите кои се купуваат во супермаркетите и други продавници со прехрамбени производи, но не се земени в предвид бројките за храна која е купена во кафулиња, ресторани и продавници за брза храна. Можеме само да претпоставиме колку би биле полоши податоците кога станува збор за свежи производи, знаејќи дека најмногу се јаде месо, тестенини, риба и морски плодови.




Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

### МОЌТА НА МОНОПОЛОТ:

# Милионски плати за директорите на големите компании

Доминацијата на пазарот им овозможи на големите компании да ги зголемат цените, а извршните директори да си ги зголемат своите плати, открија истражувачите.

Економистот и виш соработник на Универзитетот во *Квинсленд*, **Џон Квигин**, вели раководителите биле во можност да *„извлечат пари од врвот"* благодарение на растечката пазарна моќ и повисоките профитни маржи. Загриженоста беше изразена во заеднички поднесок до сојузната истрага за подобра конкуренција, подобри цени, која своите препораки ги изнесе во март. Професорот Кигин вели големите компании можат да наплатуваат повисоки цени, да пресметуваат повисоки маржи и да им дозволат на раководителите да си исплатат повисоки плати од малите компании. *„Кога компанијата работи многу профитно, малку нешта можат да го спречат врвот да земе дел од тие пари. Генералниот директор во значителна мера може сам да си ја одреди платата"* - истакна професорот и додаде како што компанијата добива цена над конкурентната пазарна цена, извршниот директор може да добие повеќе отколку што би добил на друго работно место. Професорот **Кигин** го цитираше истражувањето од 2022 година кое покажа дека 57.8 отсто од растот на платите на генералните директори може да се препише исклучиво на пазарната сила. Наведеното истражување, исто така, го поврза зголемувањето на маржите од еден отсто со намалувањето на потрошувачката за иновации за 1.7 отсто и губењето на вкупната факторска продуктивност од 1.02 отсто. Така што, наградата на шефот на *Вулвортс*, **Бред Бандучи**, изнесуваше $8.6 милиони во финансиската 2023 година, неговиот главен финансиски директор доби $2.9 милиони, а генералниот директор на *WooliesX* $2.3 милиони. Во периодот 2022-2023 година, вкупниот надоместок на поранешниот генерален директор на *Coles*, **Стивен Кејн** изнесуваше $10.2 милиони, а на новиот генерален директор, **Лео Векерт** беше $3.3 милиони. Таа година, **Роб Скот** шеф на *Wesfarmers*, заработил $8.17 милиони, неговиот главен финансиски директор $4.6 милиони, генералниот директор на *Kmart* $5.3 милиони и директорот на *Bunnings* $5.5 милиони. Поранешниот генерален директор на *Qantas*, **Алан Џојс**, доби $21.4 милиони за својата последната година по повлекување од компанијата.




Економистот **Флавио Менезес**, кој е коавтор на поднесокот, рече платите на генералните директори значително се зголемиле од 1980-тите, што се совпаѓа со растот на маржите и пазарната концентрација. Вели оваа пазарна моќ довела до тоа доминантните компании да можат да ги зголемат своите маржи и да ги искористат тие пари да вработат скапи менаџери. Професорот **Менезес** рече овие врвни менаџери тогаш можеле да ги направат своите компании уште попрофитабилни, зголемувајќи ја нивната пазарна моќ уште повеќе. *„Тоа значи дека се попродуктивни, но придобивките од таа зголемена продуктивност не одат целосно кај потрошувачите"* - посочи **Менезес**. Тој рече извршни директори со повеќемилионски плати биле речиси невидени во 1980-тите. Покрај тоа, овие компании можеле да имаат и монополска и „монопсонска" моќ, мислејќи на структурата на пазарот каде што еден купувач го контролира пазарот, што значи тие можат помалку да ги платат своите работници и добавувачи. Професорот **Кигинс** рече до доцните 1970-ти, растот на продуктивноста и растот на платите имале тенденција на взаемен раст. Меѓутоа, тој вели платите оттогаш се одвоени, а помала корист од зголемената продуктивност добиваат работниците. *„Ако ги погледнете индустриските односи, имаше многу промени во законодавството од тоа време и практично сите имаа ефект на намалување на преговарачката моќ на работниците"* - рече **Кигинс**.

# Австралија со првиот подводен дрон „Ghost Shark"

Австралиската морнарица, во соработка со *„Anduril Industries, Advanced Strategic Capabilities Accelerator"* и *„Defence Science and Technology Group"*, го претставија првиот прототип на *„Ghost Shark"* нов подводен дрон за набљудување.

Проектот е завршен пред предвидениот рок и во рамките на буџетот. Програмата *„Ghost Shark"* означува скок напред во одбранбените способности на *Австралија*.

Со договор за заеднички развој од 140 милиони долари, иницијативата има за цел да дизајнира и конструира три екстра големи автономни подморски возила за само три години, најавувајќи нова ера на агилни одбранбени решенија.



Министерот за одбранбена индустрија, **Пет Конрој**, го нагласи примерниот статус на *„Ghost Shark"* во поттикнувањето на соработката меѓу одбраната и австралиската индустрија, нагласувајќи ја нејзината улога во подобрувањето на суверените способности и создавањето можности за работа.

Вицеадмиралот **Марк Хамонд**, началник на морнарицата, ја пофали соработката во развојот на алатки како *„Ghost Shark"* за заштита на поморските интереси на *Австралија*.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

✓ TAC
✓ WorkCover
✓ Slips & Falls
✓ Superannuation TPD
✓ All Injury Claims
✓ Free First Appointment
✓ Speak Macedonian
✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

✓ Сообраќајни повреди
✓ Повреди на работа
✓ Суперануација и траен инвалидитет
✓ Сите видови на повреди
✓ Првата средба е бесплатна
✓ Зборуваме Македонски
✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES
LAWYERS
183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000



АНГЕЛОВ:

# Ахмети, кревај „рачна" кочница со време!

- На митингот на ДУИ во центарот на Скопје поранешниот командант на УЧК и сегашен претседател на ДУИ, Али Ахмети, упати отворена и директна закана до Христијан Мицкоски, која беше придолжена со скандирање "УЧК, УЧК, УЧК…." на кое се придружи и самиот Ахмети силно викајќи "УЧК, УЧК, УЧК…"

Мислам дека не треба да потсетувам какви емоции кај Македонците буди спомнувањето на УЧК и тоа во центарот на Скопје, на самиот скопски плоштад, додека присутните вееја безброј албански знамиња и знамиња на УЧК, без ниту едно единствено македонско знаме.

Затоа, му порачувам на Али Ахмети да биде внимателен со заканите! Мицковски не е сам! Зад него стои ВМРО ДПМНЕ и коалицијата "Твоја Македонија". Зад него стои и убедливо мнозинство од македонскиот народ но и убедливо мнозинство од нас, македонските бранители од 2001! Истите оние бранители кои во воената 2001 ве поразија во сите битки на бојното поле, истите оние бранители од кои ве спасуваа странците додека вие мавтавте со бели знамиња во Арачиново. Затоа со време кревајте рачна кочница. Бидејќи, како што секојдневно укажува токму Мицкоски, се ближи времето за одговорност за сето она што ДУИ и го направи на Македонија, почнувајќи од 2001 па се до денес, напиша на социјалните мрежи Стојанче Ангелов.

# Многу брзо ќе ти преседнат и кекосите и млекото, му одговори Мицкоски на Ахмети




Лидеротна ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, веднаш одговори на пораките кои до него ги упати претседателот на ДУИ, Али Ахмети.

- Неговите закани не само што не ме заплашуваат, туку и добро ме засмејуваат зашто доаѓаат од човек пред политичка пензија, малку и заборавен, но со добро грло кое го вежба пеејќи по државни институции и партиски прослави, кажа Мицкоски.

Али Ахмети, како последен говорник на митингот на ДУИ и коалицијата на скопскиот плоштад (а на кој се величаше УЧК) изјави:

- Јас патував малку подолго и едвај чекав да дојдам тука кај вас за да му кажам неколку збора на Христијан Мицкоски. Христијан Мицкоски е порастнат со гурабии, Христијан Мицкоски е порастнат со бисквити. Јас сум порастнат во кула од камен што трипати е изгорена од освојувачите. Христијан, народот мој вели дека камен по камен - се гради тврдина, збор по збор - започнува беља. Не започнувај беља и избирај ги зборовите, уште си млад и од устата млеко ти излегува, рече Ахмети.

Во врска со ваквите наводи, Мицкоски во одговорот вели дека храната од детството ја печалеле неговите родители, а она што е важно и што треба да го одговори Ахемти е со што тој ги хранел неговите деца и внуци за денеска да печалат милиони.

- Мојот оброк Али во детството го печалеа моите родители со многу љубов и жртва да ме израснат и воспитаат во личност која ќе почитува и ќе се бори за својата Македонија.

Но што е важно? Важно е Али да дадеш одговор со што ги хранеше твоите, па денес голобради момчиња печалат милиони, ја купуваат „Соравија" или, пак, како го спечали тој дворец во Зајас кој е како на некој блискоисточен шеик, а не политичар од сиромашната Македонија... Доаѓа времето за одговори на многу прашања. Ова не е 2001, туку 2024 година, 23 години потоа, а ДУИ ја претвори во криминалната организација од која страдаат и Албанците и Македонците. Многу брзо од денес и кекосите и млекото ќе ти преседнат, возврати Мицкоски.

КОВАЧЕВСКИ СЕ ПОСИПА СО ПЕПЕЛ, ДА НЕ Е ДОЦНА?

# „Имавме кадровски политички грешки, дел од коалиционите партнери ја минаа црвената линија"




- Признавам дека во изминатиот период правевме грешки. Најмногу кадровски, но и политички, пред се во соработката со дел од коалиционите партнери. Знам и сум свесен дека дел од нив ја поминаа црвената линија и етничките прашања ги направија професија, бизнис и лични кариери. И тоа не е добро, и тоа мора да се промени, брзо и веднаш по 8 мај. Ќе има ветинг, ќе излезе на виделина кој работел чесно, а кој ја злоупотребувал позицијата за да се богати на грбот на граѓаните, рече претседателот на СДСМ Димитар Ковачевски на централниот митинг во Скопје.

Порача дека СДСМ е државотворна партија која своите корени ги влече уште од социјалистот Гоце Делчев.

- СДСМ е државотворна партија, партија која своите корени ги влече уште од социјалистот Гоце Делчев, од Народно ослободителната борба, од претседателот на КПМ, Лазар Колишевски, преку Перо Гошев, Бранко Црвенковски, Владо Бучковски, Радмила Шекеринска, Зоран Заев па се до ова раководство на СДСМ. Едно заедничко за сите нив е што ништо не може да ги спречи во намерите за подобра Македонија, а најмалку тоа може да го направи еден дожд. Не сме ние направени од лажните чоколади на Груевски, Мицкоски, Ставревски ниту од лажни стиропори и барок на Груевски па да не стопи еден дожд – рече Ковачевски со оглед дека за митингот им врнеше дожд и ги замоли присутните да ги тргнат чадорите за момент за „платениот национален сервис од партиски пари да види колку ги има овде за европска Македонија".

Reg. No. A00424610

АНАМ BRIDGE OF HUMANITY

ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



Места каде се издаваат и примаат кутиите

ВИКТОРИЈА
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
ЏИЛОНГ: Коста 0401 550 841
АЛТОНА: Јован 9314 8585 ,0434 088 440
АРДИА: Милорад и Сенди 9363 3635
БАНДУРА: Филимена 9467 8027
БОКС ХИЛ-РИНГВУД: Гоце 0431 518 568
ДАНДЕНОНГ: Борката 9795 6305, 0411 767 613
КИЛО-СЕНТ АЛБАНС: Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС: Целе Велјановски 9337 3931
ЛАЈЛОР ЕПИНГ: Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
МЕЛТОН: Драги 0419 325 848
ПРЕСТОН – НОРТКОТ: Валентина 0451 820 045
ПРЕСТОН: Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
РЕЗЕРВО: Ило 9460 7802, 0432 654 251
СЕНТ АЛБАНС: Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
ЈАРАВИЛ: Трена 9687 4663

НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС
СИДНЕЈ: Љупчо 0415 801 989
АРНКЛИФ: Горан 0414 597 595
БЕНКСТАУН – ЈАГУНА: Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
КАНЛЕЈ ВАЛИ: Илија 9754 2287
РОКДАЕЛ: ВМ Центури Травел 9587 5493
КАНБЕРА – КВИНБИЈАН: Душица 0404 149 965
ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА: Васко 0450 484 418

ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА
АДЕЛАИД: Драго 08 8345 1381

ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА
ПЕРТ: Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

КВИНСЛЕНД
БРИЗБЕН: Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

# Николоски: Директорката на прилепската болница со корупциски скандал – за иста услуга плаќала двојно



Криминал и корупцијата се случуваат во Општата болница во Прилеп што е директорувана од Кети Смилеска, кадар на СДСМ. Голем број на одделенија не работат, дури нема ни основни здравствени услуги за пациентите. Во време на корона кризата Прилеп за жал имаше највисока смртност токму заради состојбата во прилепската болница, рече на прес-конференција потпретседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Александар Николоски.

Тој презентираше документи за кои рече дека го докажуваат криминалното однесување на директорката Смилеска.

- Еве два договора за одржување на компјутерскиот систем - едниот потпишан на 2 декември 2021 година и вториот потпишан на 22 февруари 2024 година со истата фирма „Кодекс компјутери". За истата работа, а тоа е одржување на постоечкиот информациски систем со иста спецификација која е препишана и е јајце на јајце буквално помеѓу едниот и другиот тендер, договорот од 2024 е за 60.000 евра поскап!? За истата услуга одржување на компјутерскиот систем во 2021 година цената е околу 2.500 илјади евра месечно, а веќе во 2024 година е 5.000 евра месечно, рече Николоски и додаде дека ќе продолжи следниот период да обзнанува и други криминали „кои покажуваат од каде му пари на поранешниот министер за здравство Венко Филипче за хациенда на Водно и за скап џип".

### Уживател на психотропни супстанци

- Мислам дека е чесно Стево Пендаровски да одговори како се гради оваа хациенда на Водно. А да го прашам Венко Филипче уште дали слушнал или не дека кога Стево ќе се опушти озборува во круг на блиски новинари и вели дека Филипче бил уживател на психотропни супстанции. Дали го слушнал или не го слушнал тоа и како е можно да еден за друг зборуваат такви работи зад грб, а излегуваат пред народот и бараат гласови, заклучи Николоски.

**СЕ ВМЕША И ПЕНДАРОВСКИ:**

## Николоски да не е пратеник не може да заработи за леб, а Филипче може да биде хирург кај сака во светот



Стево Пендаровски во рамките на изборната кампања се стави во одбрана на д-р Венко Филипче од нападите на Александар Николоски.

Споредувајќи ги носителите на листи во Изборна единица 4 на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, Венко Филипче и Александар Николоски, кажа:

- Александар Николоски целиот свој живот бил на државни јасли или на партиски јасли. Нема еден ден работен стаж надвор од тоа. Партијата му давала работа, партијата му давала плата. Ако не е партијата не може да заработи за леб. За разлика од нашиот Венко Филипче кој сега да посака може да биде невро-хирург каде сака во светот и за еден месец да заработи повеќе од годишна плата и на пратеник и на министер и на претседател. Многу човечки животи се спасени заради неговите интервенции, неговите дијагнози, неговите операции. Просто кажано станува збор за човек кој ти е мерак да го гласаш, рече Пендаровски.

### Филипче најави тужба за клевета против Николоски

Венко Филипче најави тужба за клевета против Александар Николоски кој јавно праша „од каде му се пари за хациенда на Водно и дали со својата докторска или министерска плата купил 'ауди Q8RS' вредно над 200 илјади евра"?

Во однос на обвинувањето оти има хациенда на Водно, Филипче рече дека Антикорупциската комисија одамна донела одлука оти не ја поседува. Тужба, како што рече, ќе добие Николоски и за другите клевети кажани против него.

- Политичката култура на Александар Николоски падна на најниско ниво, но не сум изненаден од речникот. Сепак, морам да признаам дека не очекував Николоски да прерасне во кафански озборувач. Ваквото озборување упатува на целосно отсуство на идеи и концепт во оваа кампања, па Николоски со навреди се обидува да добие политички поени. Исто така, загрижувачки е што Николоски изјави дека работел од свои 14 години сакајќи да го оправда фактот што нема ниту ден стаж во реален сектор. На 14 години можеби единствено што можел да работи е лепење плакати, пишува Венко Филипче во објавата на Фејсбук.

**ГРОЗЈЕ ЗА ВИНО - SYDNEY**

Свежо и првокласно црвено и бело грозје за вино. Првата испорака е **во среда, на 6 март 2024 и потоа секоја среда за 4 недели.** На адреса **"KING TOM CLUB" 223 Edensor rd, EDENSOR PARK.** Испорака од нашите виногради СВЕЖО преку ноќ до вас! Шираз, Кабарнет Савињон, Мерлот ГАРАНТИРАНО!

Дојдете порано, квалитетот е извонреден.

**Тел: Con – 0417 811 397**

**ГРОЗЈЕ ЗА ВИНО - CANBERRA**

Свежо и првокласно црвено и бело грозје за вино. **Секоја вторник од 12 март само за 3 недели, на адреса: 2 Grose St Deakin (Canberra Soccer Club).**

Испорака од бербата на нашите виногради СВЕЖО преку ноќ до вас! Шираз, Кабарнет Савињон, Мерлот ГАРАНТИРАНО!

Дојдете порано, имаме првокласни кутии грозје спакувани со квалитет!!

**Тел: Con – 0417 811 397**



# КЗСД: За навреда или клевета во изборна кампања е надлежен само граѓанскиот суд



И покрај повикот од повеќе институции до политичките субјекти за воздржување од говор на омраза за време на предизборието, нападите кон противничкиот табор, неретко и со навреди и клевети, веќе станаа главната ударна игла во претседателската и парламентарната изборна кампања.

Поради зачестените жалби Комисијата за спречување и заштита од дискриминација информираше дека за време на предизборните кампањи ќе врши засилен мониторинг на вознемирувачкиот говор, како на социјалните мрежи, така и во традиционалните медиуми, а за таа цел е изработен прилагоден образец за пријавување на вознемирувачки говор, кој е закачен на нивната веб-страница.

Сепак, од Комисијата велат дека секоја навреда не е дискриминаторски говор или говор на омраза, а за навреди и клевети надлежни се граѓанските судови.

## КЕЈОТ НА ВАРДАР ИСПРАЌА ДВЕ ПОРАКИ




*„Бугари во Устав е предавство!" и „Си играте со погрешната генерација!" - овие два големи графита беа напишани ноќта помеѓу саботата и неделата на Кејот на Вардар во Скопје (на десната страна)*




Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors

РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ

- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals

- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971


ТОКСИЧНО НА ТОКСИКОЛОГИЈА:

# Економската директорка ем не зборува македонски ем работи незаконски, ама отказ ќе добие медицинскиот директор кој е Македонец?!?!



Недоамна назначената економска директорка на Клиниката за токсикологија во Скопје, Бесија Иљази, не зборува македонски јазик и во работењето го крши законот. За првото сведочат сите лекари на Токсикологија како и новинарите кои имаа средба со неа во понеделникот (поради тоа демонстративно ја напуштија прес-конференцијата). А второто е утврдено од страна на инспекција која заклучила дека од 1 јануари наваму таа упорно држи на платен список 11 лица (5 медицински сестри, 3 болничари, 1 лаборант и 2 биолози) на кои им е истечен договорот за работа.

Токму проблемот со инаетот на Иљази да ги задржи овие лица дојде до изблик на незадоволство меѓу лекарите и медицинскиот персонал на Токсикологија. Тие бараат да се примат лаборант и двајца биохемичари (цела клиника има само еден лаборант) а директорката тоа не го дозволува и инсистира тие 11 лица на кои им е истечен договорот и натаму да доаѓаат иако немаат задолженија. Проблемот е во тоа што за да се прими нов персонал потребно е да стават потпис медицинскиот и економскиот директор, а во случајот првиот е дел од лекарскиот тим.

Меѓу 11-те лица за кои директорката Иљази бара да се вработат имало и болничар кој пред неполн месец вршел притисок кај лаборантот да замени урина во која имало наркотици, со чиста урина.

Доктор Нико Беќаровски од Токсикологија на прес-конференција што ја одржа заедно со останатите лекари рече:

- Секој кој малку разбира знае дека токсиколошка клиника без токсиколошка лабораторија не може да функционира. Во моментов таму функционира само еден лаборант, а за минимум да работи оваа лабораторија, потребни се барем двајца дипломирани биолози и уште еден техничар со средна медицинска спрема, појасни Беќаровски.

Тој потврди дека од 12 февруари, откога Иљази е дојдена за втора директорка, не можат да комуницираат со неа бидејќи не знае македонски. Преведувачки и се двете секретарки. Според вработените, таа неретко на работа доаѓа со својот татко кој постојано е со неа како да е нејзино обезбедување.

- Пробав да комуницираме и на англиски, ама мислам дека не разбира, заклучи Беќаровски кој резигнирано најави дека ќе си замине од ваквиот хаос и ќе оди во приватниот сектор.

Министерот за здравство Илир Демири, пак, објави дека ќе го разреши медицинскиот директор на клиниката, д-р Данил Петровски (што не може да го стори бидејќи е изборна кампања), а за Илјази кажа дека работи добро!?

ПО ТОЛКУ УДИРАЊА В ГРАДИ:

# Само лекторите по македонски јазик „извисија" за зголемени плати

Лекторите по македонски јазик на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (МСМЈЛК при УКИМ) вршат значајна национална мисија за ширење на македонскиот јазик, литература и култура на 11 активни лекторати во светот, а сепак се оставени на маргините, со плати што не ги покриваат нивните основни трошоци за живот и сместување, па се принудени да се снаоѓаат како што знаат и умеат, реагираа лекторите од овој Универзитет.

Имено, околу 3.200 вработените на УКИМ од февруари годинава добиваат повисоки плати во просек за околу 22 отсто, а ретроактивно им се исплати и разликата за јануари со што почна примената на новиот Колективен договор. Но тоа не важи и за лекторите кои се испратени да живеат и да го предават македонскиот јазик на 11 универзитети во странски земји.

„Лошата финансиска ситуација сериозно го загрозува опстанокот на лекторатите по македонски јазик во странство. Лекторите во изминатиов период се соочуваат со сериозни финансиски проблеми и се принудени да живеат со просечна македонска плата во големи светски метрополи, каде што трошоците за живот се осетно зголемени поради глобалната инфлација во изминатите години. Девизниот додаток, односно додатокот за подобрување на животниот стандард во странство, кој и онака е мал, не се исплаќа редовно секој месец, што дополнително ја отежнува тешката финансиска ситуација во која се наоѓаат", реагираат лекторите од УКИМ.

Да бидат рботите пологи, тие дури и не го добиваат целосниот износ на основната плата што им следува, односно добиваат само 75% за работните десет месеци, што е во спротивност со Правилникот за работа на МСМЈЛК при УКИМ.

За ваквата нивна состојба, лекторите побарале одговори и решенија од ректорката на УКИМ, проф. д-р Биљана Ангелова, но одговори ниту пак решенија досега не добиле.

# Армијата под команда на вицеадмирал Џонстон



Прајминистерот **Ентони Албанезе** и министерот за одбрана **Ричард Марлс** го назначија новиот началник на австралиските одбранбени сили (*АДФ*), вицеадмирал **Дејвид Џонстон**, кој од 2018 година до денес, беше заменик началник. По повеќе од две децении **Џонстон** ќе биде првиот началник од редовите на морнарицата, а од 10 јули ќе го замени **Енгус Кембел**, сегашниот началник кој по шест години минати на највисоката воена функција ќе се пензионира. Инаку, **Кембел** е началник на армијата со најдолг стаж. Неговиот мандат требаше да истече во 2022 година, но владата на **Албанезе** го продолжи за уште на воздухопловните сили, маршалот на воздухопловството **Роберт Чипман**, ќе ја преземе функцијата заменик која до сега ја извршу- *големи Австралијци кои своите обврски ги исполнуваат чесно и на најдобар манир за Астралиските одбранбени сили*" - изјави прајминисте- ги промените на чело на армијата. **Џонстон** поголемиот дел од својот живот го посвети на армијата. Се приклучил на морнарицата кога имал само 16 години, кога се запишал на Кралскиот австралиски поморски колеџ како помлад везен морнар во 1978 година. Неговото назначување се поврзува со значењето кое за *Австралија* и *АДФ* го има договорот *АУКУС* со подморници на нуклеарен погон.

Инаку, **Џонстон** во минатите две години беше вклучен во сите случувања поврзани со договорот што *Австралија* го склучи со *САД* и *Велика Британија*. Воедно се случија и други промени во армијата.

Маршалот **Стивен Чепел** е новиот началник на воздухопловството, вицеадмиралот **Џастин Џон** станува шеф на заедничките операции, генерал-потполковник **Сузан Којл** ќе биде началник на здружените сили, генерал-потполковник **Наташа Фокс** е новиот началник на персонал, а генерал-потполковник **Мишел Мекгинис** ќе биде национален координатор за сајбер безбедност.

## КУД Танец од Томастаун



*КУД Танец од Томастаун* ги известува сите свои играорци дека тренинзите за 2024 година започнаа во *Thomastown Library (52 Main St. Thomastown)*, со почеток од 18:30 до 20:00 часот.

Тренинзите се секој понеделник и примаме нови играорци од 5 години нагоре. Сите што сакаат да го изучуваат македонскиот фолклор и песна нека повелат да се јават кај: **Косте 0431 360 291**




## ММД "Никола Карев" започна со проби и уписи за 2024




Македонското Младинско Друштво *"Никола Карев"* ги известува сите љубители на македонскиот фолклор дека врши упис на нови играорци за 2024 година.

Втората и трета група тренира во среда, од 18:30-20:00 часот.

Прва тренира в понеделник, од 19:00-21:00 часот.

Тренинзите се одржуваат во *Cairnlea Community Hub на 55 Carmody Dr., Cairnlea 3023*

За повеќе информации и упис на нови играорци јавете се на мобилен **0430 370 939**

Со нашите убави ора зачекоруваме во македонската традиција и историјата на нашите предци.

Не чекајте, запишете ги вашите деца да го изучуваат и уживаат во македонскиот фолклор

### ИЗБЕГАЛ ВЕДНАШ ОТКАКО ГО ПУШТИЛЕ НА ВИКЕНД:

# Во Косово приведен македонски државјанин, се бара за тешко убиство

Во *Косово* е приведен државјанин на *Македонија* за кого Интерпол, на барање на македонската полиција, распиша меѓународна потерница. Потерницата е затоа што како осуден за тешко убиство не се вратил на издржување на казната откако бил пуштен на викенд.

Основниот суд во *Урошевац* соопшти дека го одобрил барањето за определување мерка екстрадициски притвор од 40 дена притвор против лицето идентификувано со иницијали **Н.Е.**, врз основа на меѓународна потерница од 7 март 2022 година на *Република Македонија*, поради кривично дело тешко убиство, кое кривично дело е предвидено и со Кривичниот законик на *Република Косово*.



*Урошевац (Феризај). - Косово е често „засолниште" за бегалците од правдата од Македонија*

Засега нема информации за тоа кога, каде и во кои околности е уапсен во *Косово* македонскиот државјанин.

## Расчистена несмасната кражба на сеф од маркет во Црниче

Министерот за внатрешни работи во техничката влада, **Панче Тошковски**, на *Фејсбук* објави дека е расчистена кражбата на сеф од супермаркет во скопско *Црниче*. Уапсени се вкупно 4 лица: еден 23-годишник, потоа **В.З.** и **В.Т.** и уште едно лице - сите од *Скопје*.



Ноќта меѓу 31 март и 1 април тие провалиле во затворен маркет на улицата *„Востаничка"* во *Скопје*, одзеле метален сеф во вредност од 12.000 денари, дневен промет во износ од 228.000 денари и цигари вредни 45.000 денари, или се во вкупна вредност од 285.000 денари.

Со возило пристигнале пред маркетот, со употреба на погоден алат – хебла, клешти и друго делувале врз влезната врата од маркетот, но не успеале да ја отворат. Еден од сторителите го стартувал возилото и удрил со задниот дел, кршејќи ги двете лизгачки врати. Потоа заедно со другите осомничени ги демонтирале и ги поставиле покрај влезот од маркетот. Преку така направениот отвор осомничените влегле во просторијата наменета за вработени, од каде го одзеле металниот сеф со дневен промет и цигарите, па заминале во непознат правец.

За сите четворица судија на претходна постапка определил 30-дневен притвор.

## Две работнички од Непал му избегале на газдата од Охрид, случајот пријавен во полиција

На 20.04.2024 во 15:00 часот во Полициската станица **В.И.**(24) од *Охрид* пријавил дека **С.Ц.**(41) и **Л.С.**(25), двете од Непал, кои биле вработени во негова фирма, се оддалечиле од домот во кој престојувале во *Охрид*.

Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицата.

## Три лица фатени со скенер за археолошки истражувања и лопати на армискиот полигон Криволак

Полициски службеници од *ОВР Неготино* ги лишиле од слобода **Б.А.**(49) од с. *Никуштак*, општина *Липково*, **Р.М.**(49) од *с.Вакуф*, *Кратовско* и **Б.А.**(36) од *с.Орланци, Скопско*.



Од припадници на Армијата тие биле затекнати со патничко возило „сеат алхамбра" со скопски регистарски ознаки во армискиот полигон *Криволак*.

При преглед во возилото биле пронајдени метал детектори и скенер за вршење археолошки истражувања и алат за вршење ископ.

По целосно документирање на случајот, во координација со јавен обвинител, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

## Две колешки се истепале во средно училиште во Битола

Дваесет и осумгодишната **Х.Т.** од *Битола* пријавила дека во средно училиште во *Битола* била физички нападната од нејзината колешка **Ј.Н.**, информираат од Министерство за внатрешни работа.

Се преземаат мерки за расчистување на настанот, наведено е во полицискиот Билтен.


## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерей ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Повлечени над 5.700 автомобили поради потенцијално смртоносен производствен дефект

Над 5.000 автомобили од марката *„Мазда“* и над 500 возила *„Тесла“* од најново производство се повикани на задолжителен сервис, откако се забележани потенцијално опасни дефекти и безбедносни дефекти во цели серии.

Сите возила на Мазда CX-60 и CX-90, означени како модели од 2024 година, а кои до сега се продадени во *Австралија*, се повлечени од 30 јануари. Станува збор за 5.257 автомобили, за кои е утврдено дека имаат фабричка грешка која влијае на запчаникот во склопот на воланот и може да предизвика *„неочекувано зголемен напор при управувањето“*, се вели во Базата на податоци за повлекување на возилата, на сојузната влада.




Во известувањето се наведува дека дефектот би можел *„да го зголеми ризикот од сообраќајна несреќа која може да предизвика повреда или смрт“* на луѓето во автомобилот или на другите учесници во сообраќајот.

Како се наведува, *Мазда Австралија*, како продавач на овие возила во земјата, ќе ги контактира сопствениците и ќе ги покани бесплатно да им го острани дефектот на возилата, но само кога ќе бидат достапни деловите. Сите што неодамна купиле еден од овие модели на *Мазда* можат да проверат дали нивниот автомобил е вклучен во повлекувањето, така што ќе го побараат на листата со ВИН броеви, а која можат да ја најдат на веб-страницата *http://www.vehiclerecalls.gov.au.*

Во исто време, известувањето за повлекување на вкупно 505 автомобили пристигна и за производителот на електрични автомобили Тесла, на чии возила е откриен недостаток поради кој не се задоволуваат пропишаните австралиски стандарди.

Имено, возилата *Тесла Модел 3*, произведени на крајот на 2023 година, имаат проблем со задните седишта. Во известувањето кое го издаде Министерството за сообраќај се вели положбата на задното средно седиште нема пристапна точка за прицврстување на детското седиште, што значи *„седиштето за бебе или дете не може безбедно да се прицврсти за него“*.

Ова исто така е објавено во Базата на податоци за повлекување на возилата, на сојузната влада, каде се вели дека сопствениците на автомобили не треба да монтираат детско седиште додека не се отстрани недостатокот.

*Тесла* ќе ги контактира засегнатите сопственици за да закажат термин за отстранување на дефектот.

Оваа неусогласеност со релевантните австралиски правила за дизајн го принуди производителот на електрични возила да ја прекине продажбата на надградениот *Модел 3.*

*Мазда* имаше сличен проблем во *Австралија* и во 2019 година. Тогаш беа повлечени над 3.300 возила *Мазда 3* поради, како што е наведено *„проблеми со завртките на тркалата“*. Утврдено е дека матиците на навоите би можеле со текот на времето да ослабат и да доведат дури до можно паѓање на тркалото. Сите сопственици и тогаш се повикани да дојдат на бесплатна замена на завртките.


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС

БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата **www.australianmacedonian.com.au** и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралискио Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти.

# Влијанието на волонтирањето врз заедницата



*Австралиско Македонската Добротворна Организација за Добробит HJB*, во својот проект за волонтери финансиран од Владата на *HJB* – оддел за заедниците и правда *(Department of Communities and Justice -DCJ)*, сака да ги вклучи волонтерите од заедницата, како и членовите на заедницата кои сакаат да станат волонтери, за да им се овозможи помош и поддршка на оние со потреба, посебно на постарите лица и лицата со онеспособеност кои се сместени во домовите за нега и болниците, или се чувствуваат осамено и изолирано во нивните домови во областите на *Bankstown Canterbury, Fairfield, Liverpool, Bayside* и *Georges River*.

Во ова издание ќе зборуваме за Волонтирањето и заедницата со цел луѓето кои би сакале да волонтираат и со тоа да помогнат на членовите на македонската заедница во областа на Југоисточниот и Југозападниот дел на *Sydney* да се запознаат со вредностите на доброволната работа.

Додека нашиот секојдневен живот често се врти околу работата, семејството и личните обврски, посветувањето на дел од нашето време на волонтерската работа може да биде неверојатно наградувачки. Спротивно на популарното верување, волонтирањето не е товар, тоа е шанса да и се даде на заедницата и да се доживее личен раст, а сето тоа има позитивно влијание.

Дури и во услови на зафатеност, секој може да одвои неколку часа за да придонесе. Овој чин на помагање на оние кои имаат потреба може да донесе огромна радост и исполнување, потенцијално дури и да ги прошири позитивните ефекти врз вашето семејство и пошироката заедница.

**Па, зошто да се волонтира?**

- Подобрена благосостојба: Истражувањата покажуваат дека волонтирањето го намалува стресот, се бори со чувствата на изолација и депресија и ја зголемува самодовербата.

- Социјална поврзаност: Волонтирањето поттикнува чувство на припадност. Работењето заедно со други со слични интереси ги зајакнува социјалните врски и гради силна мрежа за поддршка.

- Развој на вештини: Можностите за волонтирање често вклучуваат стекнување нови вештини или рафинирање на постоечките. Ова може да биде особено корисно за оние кои бараат развој на кариера или истражуваат различни области на интерес.

- Значење и цел: Придонесувањето за поголема цел од себе обезбедува чувство на задоволство. Свесноста на позитивното влијание на вашите напори може да биде неверојатно мотивирачко.

- Семејни вредности: Волонтирањето како семејство ја влева важноста на општествената одговорност и сочувството кај помладите генерации.

Волонтирањето не е само индивидуални придобивка. Тоа ја зајакнува самата структура на нашата заедница. Со посветување време и талент на достојни цели, волонтерите играат витална улога во решавањето на социјалните прашања, поддршката на оние на кои им е потребна и создавањето на попозитивна и поживописна заедница за сите.

Еве неколку примери за волонтерски можности:

- Центри за постари лица: Обезбедување дружење, помагање во обврски или организирање рекреативни активности.

- Засолништа за животни: шетање кучиња, дружење со мачки или помош при административни задачи.

- Народни кујни и организации за припремање на пакети со храна: дистрибуирање оброци, подготовка на пакети со храна или помагање при настани за собирање средства.

- Програми за описменување: Менторство на деца или возрасни со потешкотии во читањето.

- Еколошки организации: Учество во иницијативи за садење дрвја, чистење на плажите или активности за зачувување на природата.

Бројни организации низ различни сектори активно бараат волонтери. Истражувајте ги локалните можности кои се усогласени со вашите интереси и достапност. Дури и неколку часа од вашето време може да направи значителна разлика.

Волонтирањето не треба да ви го одземе вашиот живот. Вие давате дел од вашето целено време и затоа е многу важно да уживате и имате корист од вашето волонтирање. Најдоброто искуство како доброволец е волонтирањето да биде корисно и за волонтерот и за организацијата/заедницата.

Доколку имате желба да станете волонтер и сакате да бидете дел од овој хуман проект за да си помогнете себеси и на членовите на македонската заедница, на кои им треба помош, обратете се на вработените во *Австралиско Македонската Добротворна Организација за Добробит HJB* на телефонскиот број **(02) 8591 1431**.

***Лихнида Бахчанциева - Тасеска***






## НАСТАВА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ОД ДАЛЕЧИНА

Агенцијата за иселеништво неколку години по ред организира настава по македонски јазик од далечина (он лајн) за децата со потекло од *Македонија* што живеат во странство.

Ве молиме да не известите дали има заинтересирани деца за ваков вид настава, а доколку има ние повторно ќе ја организираме. Наставата би започнала на 02 септември 2024 година и форматот би бил 2 часа седмично.

Ве молиме заинтересираните што поскоро да ги пријават децата, бидејќи ќе треба да се спроведе проверка на знаењето на македонскиот јазик и да се организираат паралелки според степенот на познавање на македонскиот јазик.

Пријавите праќајте ги на мејл адресата: *agencija_za_iselenistvo@minisel.gov.mk*

# Ситуацијата во Украина не е во корист на Киев

Ситуацијата во *Украина* во моментов не се развива во корист на *Киев*, изјави **Џон Кирби**, координатор за стратешки комуникации во Советот за национална безбедност на Белата куќа.

„*Овој вооружен конфликт не се развива во корист на Украинците во Донбас. Се разбира и во другите региони на земјата исто така*".

**Кирби** одби директно да одговори на прашањето какви резултати ќе треба да покаже *Киев* пред *Вашингтон* да продолжи да издвојува големи суми пари за својата воена поддршка.

„*Поентата е да се обезбеди оружјето што им е потребно за да почнат да ја менуваат ситуацијата на бојното поле*", рече **Кирби**.

„*Како што одминува времето, како што летото и есента напредуваат, ќе можеме да продолжиме да преговараме со Украинците за нивната долгорочна стратегија за одбивање на руската агресија, а потоа да ги*



*приспособиме пакетите на понатамошните испораки на оружје и воена опрема за Киев*", вели **Кирби**. Според него, одолговлекувањето на американскиот Конгрес да продолжи со финансирањето на воената помош за *Украина*, довело, меѓу другото, до нејзини порази на бојното поле.

„*Краткиот одговор е, да. Апсолутно е направена штета на позицијата на Киев на бојното поле во последните неколку месеци*", рече портпаролот на Белата куќа, коментирајќи ги претходните и сегашните чекори на *САД* во врска со *Украина*. Претходно пензионираниот полковник **Виктор Литовкин**, зборуваше за шансите на *Украина* да спроведе уште една воена контраофанзива оваа година и каква предност има *Русија*. Тој објасни дека за да се размислува за украинска контраофанзива, најпрво треба да се подигне расположението во редовите на Вооружените сили на *Украина*.

На 20 април, Претставничкиот дом на *САД* усвои предлог-закон за дополнителна помош за *Украина* од речиси 61 милијарда долари, гласањето помина со 311 гласа за и 112 против. По ова, американскиот претседател ги повика сенаторите што поскоро да го одобрат предлог-законот за брзо потпишување на документите и испраќање оружје во *Киев*.

*Би-Би-Си* објави дека пакетот помош може да вклучува дополнителни ракетни системи земја-воздух Патриот, ракети со долг дострел ATACMS и артилериски гранати. Дополнително, тој може да вклучува повеќекратни ракетни системи за лансирање HIMARS (MLRS) и веројатно тенкови *Бредли* и борбени возила за пешадија.

Во исто време, во разговор за „*Известија*", шефот на Бирото за воено-политички анализи **Александар Михаилов** изјави дека американската помош вредна 61 милијарда долари ќе биде последната шанса што Западот ќе му ја даде на режимот во *Киев*. Покрај тоа, експертот истакна дека во последните месеци *Украина* добила повеќе од 200 милијарди долари, но тоа не и помогнало на нејзината армија.

**ЛАВРОВ:**

## Западот опасно се приближуваат до работ на директен воен конфликт меѓу нуклеарните сили

*Русија* го предупреди Западот дека ризикува да започне „*директен воен конфликт*" со *Русија* и другите нуклеарни сили. Рускиот министер за надворешни работи **Сергеј Лавров** испрати порака преку видео врска на конференцијата во *Москва*, каде предупреди дека рамнотежата на односите може опасно да биде загрозена. „*Западот опасно се приближуваат до работ на директен воен конфликт меѓу нуклеарните сили, што би имало катастрофални последици*", рече тој.

Реакцијата доаѓа откако американскиот Претставнички дом конечно го усвои долго очекуваниот пакет помош од 61 милијарда долари за Украина, што предизвика лут одговор од *Русија*.



# Велика Британија ќе ја доведе својата одбранбена индустрија на воена основа

Британскиот премиер **Риши Сунак** за време на посетата на полскиот главен град *Варшава* рече дека ќе ја доведе одбранбената индустрија на земјата на воена основа, најавувајќи ново долгорочно финансирање од десет милијарди британски фунти (17,43 милијарди долари) за производство на муниција во контекст на руската инвазија на *Украина*. „*Ќе ја доведеме британската одбранбена индустрија на воена основа. Една од главните лекции од конфликтот во Украина е дека ни требаат потрајни резерви на муниција и дека индустријата треба да може брзо да ги обнови*", рече **Сунак** на заедничката прес-конференција во *Варшава* со генералниот секретар на *НАТО*, **Јенс Столтенберг**. Тој предупреди и на зголемување на заканата за меѓународната безбедност, истакнувајќи истовремено дека „*не треба да се преувеличува опасноста*".

„*Не сме на работ на војна и не ја бараме*", изјави британскиот премиер. **Сунак** најави зголемување на трошоците за одбрана на *Британија* на 2,5 отсто од бруто домашниот производ на земјата, достигнувајќи 87 милијарди фунти годишно до 2030 година.

# Мечка упадна на погреб во Романија и предизвика паника



На погреб во романскиот град *Бордосиу* во округот *Муреш*, мечка упадна и предизвика паника меѓу седумдесетина луѓе кои дошле да го испратат починатиот. Според романскиот *ТВ канал Антена 3*, мечката излегла од шумата и застанала на патот на погребната поворка која се упатила кон гробиштата. Исплашена од крикот на мештаните, мечката се вратила во шумата, а мештаните велат дека често се појавува на места во близина на гробиштата. „*Да бевме помалку, мечката сигурно ќе нè нападнеше, вака се исплаши*", изјави еден од присутните.

„*Се затрча по ридот, се свртe и нè погледна набрзина неколку пати. Вториот пат се упати кон нас и се приближи уште повеќе, но повторно се повлече. Луѓето ги фати паника и почнаа да врескаат што мечката многу ја вознемири*", додаде тој.

По инцидентот во кој нема повредени, погребот продолжил.

Иако опасноста поминала, мештаните сè уште се плашат од средбата со мечката. Велат дека со оглед на тоа што гробиштата се опкружени со шума, избегнуваат да ги посетуваат гробовите на своите најблиски од страв дека мечката во секој момент може повторно да се појави.



### ИЗМЕНЕТА Е ПРЕГОВАРАЧКАТА РАМКА:

# Признавањето на Косово сега формално е услов за влез на Србија во ЕУ

Со години се навестуваше, но сега условот на *Брисел* стана и формален – министрите за надворешни работи на земјите членки на *Европската Унија* ги усвоија измените и дополнувањата на поглавјето 35 во пристапните преговори со *Србија* што значи дека признавањето на *Косово* сега е и официјален услов за влез на *Србија* во *ЕУ*. Во текстот се истакнува дека *Србија* треба целосно да ги спроведе обврските кои произлегуваат од Договорот за патот за нормализација меѓу *Косово* и *Србија*, според неговиот




анекс за имплементација, договорен во март 2023 година.

Всушност, Охридскиот договор, кој српската страна не го потпиша, сега насилно е вклучен во пристапните преговори и станува важечка обврска на *Србија*.

Околу формалното усвојување на овие измени, претставникот на *ЕУ* **Петер Стано** изјави дека *Србија* и *Косово* прифатиле нивните обврски кои произлегуваат од Договорот за патот за нормализација да станат составен дел од нивните европски интеграциски процеси.

Официјалните преговори на *Србија* со *Брисел* за членство во *ЕУ* почнаа во 2014 година, по условувањата за соработка со Хашкиот трибунал, а *Белград* и *Брисел* се согласија тогаш околу преговарачката рамка во која во 49 точки е дефинирано што сè *Србија* мора да исполни за да стане членка на *ЕУ*. *Косово и Метохија*, кое *Србија* го смета за своја покраина, тогаш се најде во поглавјето 35 наречено „основни прашања", но сега фигурира како прво и основно прашање, со кое *ЕУ* директно ја условува *Србија*.

*„Ако се озакони дека признавањето на независноста на таканареченo Косово е услов за членство во ЕУ, тоа го отвора прашањето на понатамошниот статус на преговорите и дали ЕУ навистина ја сака Србија како членка. Србија има свој устав и став дека нема да ја признае независноста на Приштина, што Брисел го знае. Според тоа, тие носат политичка одлука да ги оневозможат понатамошните преговори со Србија доколку тоа стане дел од преговарачката рамка. Србија ќе каже дека нема да го признае Косово, и дека ЕУ треба да се изјасни во таа смисла дали сака да ги продолжи преговорите со Србија, како членка на ОН со нејзините меѓународно признати граници или сака нешто друго. Ние ќе бараме од нив да се изјаснат*", кажа неодамна српскиот дипломат **Зоран Миливојевиќ**.

### ТРАМП СЕ ОБИДЕЛ ДА ВЛИЈАЕ ВРЗ ИЗБОРИТЕ ВО 2016:

# Тајната исплата за порноактерка

**Доналд Трамп** се обидел незаконски да влијае врз претседателските избори во 2016 така што спречил штетни приказни за неговиот приватен живот да излезат во јавност, кажа обвинителството на почетокот на историското судење против бившиот претседател за тајната исплата за порноактерката **Сторми Даниелс**. Адвокатот на **Трамп**, **Тод Бланш**, изјави дека тој е невин и го нападна интегритетот на неговиот некогашен соработник **Мајкл Коен**, кој сега е клучен сведок на обвинителството. **Бланш** додаде дека ова судење никогаш не требало да се случи.



Ова е прво судење на еден бивш американски претседател за кривично дело и се случува додека **Трамп** е среде нова претседателска кампања. Судењето ќе понуди повеќенеделни сочни и непријатни сведочења за напорите на **Трамп** да ја задуши приказната за која се плашеше дека би можела да му ја упропасти кандидатурата, вклучително и тврдењата на порнозвезда дека имале вонбрачна врска една деценија порано.

*„Овој случај е криминален заговор и измама. Обвинетиот Доналд Трамп раководел со криминална шема за да ги корумпира претседателските избори во 2016, а потоа го прикрил тој заговор со лажење во неговите деловни книги во Њујорк. Трамп го поканил својот пријател Дејвид Пекер на состанок во кулата 'Трамп' и како дел од нивни договор, Мајкл Коен ѝ платил 130.000 долари на порноактерката Сторми Даниелс за да ја замолчи и јавноста да не дознае за нејзината сексуална средба со обвинетиот*", кажа обвинителот **Метју Коланџело**. Бланш возврати дека нема ништо погрешно во тоа да се обидеш да влијаеш врз избори. *„Тоа се вика демократија*", рече тој.




# Макрон вети дека реката Сена ќе биде исчистена за Олимпијадата

Францускиот претседател **Емануел Макрон**, кој претходно најави дека за време на Олимписките игри ќе плива во *Сена*, вети дека водата на реката што минува низ *Париз* ќе биде чиста пред отворањето на игрите.



Денеска **Макрон** отвори станица за прочистување на дождовница во близина на *Париз*, на реката *Марна*, која се влева во *Сена*.

Министерката за спорт **Амели Удеа-Кастера** оцени дека можноста за пливање на *Марна* и *Сена* ќе биде „еден од настаните на векот". Францускиот претседател додаде дека водата на Сена ќе биде свежа и чиста.

Прочистувањето на *Марна* е важно бидејќи се влева во *Сена*, каде што ќе се одржат некои натпревари како дел од Олимписките игри.

Чистотата на овие реки во голема мера зависи од временските услови. Во случај на невреме, мешавина од дожд и отпадна вода навлегува во *Сена* и поради тоа некои спортски настани на таа река би можеле да бидат одложени и откажани.

Преземените мерки за чистење на *Марна* и *Сена* треба да овозможат и пливање, што не е возможно од 1970 година.

Пречистителната станица, која **Макрон** ја отвори, чинеше повеќе од 53 милиони евра. Нејзината главна технолошка иновација лежи во присуството на околу 100 ултравиолетови светилки за добивање 99,9 проценти чиста вода, без бактерии.

Олимписките игри ќе се одржат во *Париз* од 26 јули до 11 август годинава.

# ПИЕЛА САМО СОК ОД ПОРТОКАЛ 40 ДЕНА: СЕ СЛУЧИЛЕ МНОГУ ПРОМЕНИ ВО ТЕЛОТО, НО ЕКСПЕРТИТЕ ИСПРАЌААТ ПРЕДУПРЕДУВАЊА



Ен Озборн од Квинсленд во текот на диетата од 40 дена ја исфрлила целата храна од исхраната и консумирала само домашен сок. Таа е одушевена од ефектите што тој ритуал ги предизвикал во нејзиното тело, но сепак, тоа не е препорачливо за секого.

– Тоа беше прекрасно искуство. Почувствував емоционални, физички и духовни придобивки – вели Озборн за нејзиното 40-дневно чистење со сок од портокал, што го направила во текот на постот.

Дневно пиела од литар до литар ипол и тоа било сè.

Експертите се согласуваат дека сокот од портокал има здравствени придобивки и дека е богат со витамин Ц, кој е одличен за имунолошкиот систем, срцето и го поттикнува производството на колаген.

Тоа е и антиоксидант кој ги штити клетките од слободните радикали, истакнуваат од клиниката Мејо. Бидејќи телото не произведува витамин Ц по природен пат, луѓето мора да го внесуваат преку исхраната, но, и покрај здравствените придобивки, мора да се внимава, бидејќи може и да се претера со неговото внесување.

Земањето 2.000 мг или повеќе витамин Ц може да предизвика здравствени проблеми како што се камења во бубрезите или гастроинтестинални нарушувања.

Озборн вели дека понекогаш пие 5 литри сок од портокал дневно, што е околу 2620,6 мг. Пиењето сок, кој може да содржи многу шеќер, исто така, нема толку корист како јадењето цело овошје.

– Соковите обично немаат хранливи влакна, а тие помагаат да се забави апсорпцијата на шеќерот и да се намали гликемискиот индекс.




Двајца патници од Охрид за Скопје седат еден до друг во автобус. Се запознаваат:

- Јас сум психолог.

- Јас сум мафијаш... Ајде да видиме каков психолог си, обиди се да погодиш што мислам. За секоја мисла што ќе ја погодиш ќе ти давам по 100 денари.

- Добро, патуваш од Охрид, значи си бил на езеро. Сега се присетуваш колку убаво ти било.

- Браво! Точно! Еве ти стотка.

- Штом ти е убаво, значи си бил со жена. И сега мислиш на неа.

- Точно така! Еве ти уште една стотка.

- Освен тоа, не сакаш да си одиш дома.

- Точно, еве ти уште сто денари.

- Штом не ти се оди дома сигурно си женет. А штом си мафијаш сигурно мислиш дека нема да е лошо да ја убиеш жена ти за да останеш со другата.

- Ха! Еве ти илјадарка!

- Зошто илјадарка? Нели даваш по 100 денари за мисла?

- Ова не е мисла, ова е идеја!

## АРАБЕЛА СЕ ЖАЛИ ДЕКА НЕ ЛЕСНО ВО ЗАТВОР



Поранешната реалити ѕвезда, девојка на американскиот фудбалер Џош Рејнолдс и на крајот боксер, Австралијката Арабела Дел Бусо, деновиве минува низ многу тежок период.

Таа моментално отслужува 20-месечна затворска казна за грабеж на работно место пред да ја започне својата кариера во ринг. Таа прилика украла 52.000 долари и затоа сега е затвореничка, Арабела се пожали дека не и е лесно зад решетки.


REPUBLIKA
ENTERTAINMENT
nexTime
Band
SPECIAL GUESTS
GOCE DIMOVSKI , NIKOLA MICEVSKI & DZIGER
LAMBE
Alabakoski
SYDNEY
APRIL
05
THE PAVILI RLAND
SOLD OUT
TICK M.AU
INFO- MBA: 0411 244 202
REPUBLIKA: 0400 783 547
WOLLONGONG
APRIL
12
THE FRATERNITY
TICKETS- LIDIJA MITRESKA: 0475 823 540
PECE BUREK: 4276 2945
MELBOURNE
APRIL
19
Q-ROOM THOMASTOWN
TICKETS: TRYBOOKING.COM
INFO- REPUBLIKA: 0400 783 547
QUENBEYAN
APRIL
24
ROBINA COMMUNITY CENTRE
TICKETS- TATJANA: 0416 302 770
TINA: 0416 099 001
SYDNEY
APRIL
26
ROCKDALE ILINDEN SPORTS
TICKETS- GORAN BOMBA: 0411 244 202
IVO KONJARSKI: 0411 155 947
PERTH
APRIL
27
MNO VARDAR
TICKETS- NAUM: 0413 233 232
DAME: 0433 286 770

# ПМФЛ: Воска славеше во Скопје против Вардар, Тиквеш ја порази Шкендија

Фудбалерите на Вардар го доживеа првиот пораз на свој терен во вториот дел од сезоната и тоа против директниот конкурент во битката за опстанок - Воска Спорт. На стадионот „Борис Трајковски" во скопско Маџари гостите славеа со голот на Аќимовиќ уште во првото полувреме.

Струга ТЉ со голот на Ибраими славеше на гостувањето кај Македонија ЃП со 1:0 и се одлепи на првото местона табелата со три бода предност пред Шкупи, кој одигра само 0:0 на гостувањето кај Силекс во Кратово.

Тиквеш продолжи со одличните резултати, па на домашен терен во Кавадарци со 2:1 ја победи и Шкендија.

Во дуелот меѓу Гостивар и Брера Струмица немаше победник, заврши со 1:1.



## ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА

Резултати 28. коло

| | |
|---|---|
| СИЛЕКС - ШКУПИ | 0:0 |
| ГОСТИВАР - БРЕРА | 1:1 |
| ТИКВЕШ - ШКЕНДИЈА | 2:1 |
| МАКЕДОНИЈА ЃП - СТРУГА ТЉ | 0:1 |
| ВАРДАР - ВОСКА | 0:1 |
| БРЕГАЛНИЦА - РАБОТНИЧКИ | 0:1 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Струга ТЉ | 28 | 18 | 4 | 6 | 58 |
| 2. Шкупи | 28 | 15 | 10 | 3 | 55 |
| 3. Шкендија | 28 | 14 | 10 | 4 | 52 |
| 4. Тиквеш | 28 | 11 | 6 | 11 | 39 |
| 5. Силекс | 28 | 9 | 11 | 8 | 38 |
| 6. Гостивар | 28 | 8 | 13 | 7 | 37 |
| 7. Брера | 28 | 9 | 7 | 12 | 34 |
| 8. Работнички | 28 | 10 | 4 | 14 | 34 |
| 9. Воска | 28 | 7 | 10 | 11 | 31 |
| 10. Вардар | 28 | 8 | 5 | 15 | 29 |
| 11. Брегалница | 28 | 6 | 8 | 14 | 26 |
| 12. Македонија ЃП | 28 | 7 | 4 | 17 | 25 |

## ВТОРА МФЛ

Резултати од 25. коло

| | |
|---|---|
| АРСИМИ – БЕСА | 0:2 |
| ДЕТОНИТ – БЕЛАСИЦА | 1:0 |
| СКОПЈЕ – ТЕТЕКС | 2:0 |
| КАМЕНИЦА САСА – НОВАЦИ | 1:3 |
| КАРАОРМАН – ПОБЕДА | 0:2 |
| КОЖУФ – ОСОГОВО | 2:0 |
| ПЕЛИСТЕР – ОХРИД | 1:0 |
| ВАРДАР – БАШКИМИ | 1:0 |

Табела

| | |
|---|---|
| 1. БЕСА | 66 |
| 2. ПЕЛИСТЕР | 60 |
| 3. ДЕТОНИТ | 52 |
| 4. АРСИМИ | 41 |
| 5. СКОПЈЕ | 38 |
| 6. ОХРИД | 38 |
| 7. БАШКИМИ | 37 |
| 8. КОЖУФ | 34 |
| 9. ВАРДАР (Н) | 34 |
| 10. БЕЛАСИЦА | 31 |
| 11. НОВАЦИ | 28 |
| 12. ПОБЕДА | 26 |
| 13. ТЕТЕКС | 24 |
| 14. ОСОГОВО | 20 |
| 15. САСА | 18 |
| 16. КАРАОРМАН | 15 |

### ПРИЗНАНИЕ ЗА МИОВСКИ ВО ШКОТСКА:

## Со одличните игри Македонецот си обезбеди место меѓу најдобрите 11 во првенството



Македонскиот репрезентативец Бојан Миовски оваа сезона игра извонредно за Абердин, во кој досега постигна 24 гола во сите конкуренции, а тоа му донесе место во тимот на годината во шкотскиот Премиершип составен од тамошната Асоцијација на професионални фудбалери (ПФА).

Играчите што настапуваат во Шкотска го ставија 24-годишниот штипјанец во идеалниот напад на лигата заедно со Лоренс Шанкланд од Хартс и Тео Бер од Мадервел.

– Верувам дека ако работите напорно работите кои ги сакате се остваруваат. Ми претставува чест што сум во Тимот на сезоната. Не можам да опишам колку многу ми значи ова. Благодарен сум на сите – порача македонскиот голгетер.

Голман на годината е Цек Бутланд од Ренџерс, најдобрата одбрана ја сочинуваат Џејмс Таверние од Ренџерс, Камерон Картер-Викерс од Селтик, Лиам Скејлс од Селтик и Оувен Бек од Данди, а во идеалниот среден ред се Мет О'Рајли од Селтик, Џон Лундстрам од Ренџерс и Калум Мекгрегор од Селтик.

Актуелната сезона е најуспешната во кариерата на Миовски и тој е трет стрелец во шкотското првенство со 14 постигнати гола. Кога во прашање се сите натпреварувања Миовски постигна 24 гола и подели четири асистенции на 48 натпревари во дресот на шкотскиот тим.

## НОВ СВЕТСКИ РЕКОРД ЗА ЖЕНИ НА МАРАТОНОТ ВО ЛОНДОН



Олимписката шампионка Перес Јепчирчир постави нов светски рекорд за жени на маратонот во Лондон со време од два часа 16 минути и 16 секунди. Светската рекордерка Тигст Асефа, како и Мегерту Алему од Етиопија, и Кенијката Џојсилин Џепкосгеи, исто така го подобрија претходниот единствен женски рекорд од 2:17:01, поставен од Мери Кеитани во 2017.

- Се чувствувам благодарна. Многу сум среќна за победата. Не очекував да постигнам светски рекорд – знаев дека може да биде соборен, но не очекував дека јас ќе го сторам тоа, Јепчирчир.

Кениецот Александар Мутисо Мунјао го победи великанот Кениса Бекеле и победи во машката трка за 2:04:01. Британското дуо Емил Кејрис и Махамед Махамед заврши на третото и четвртото место. И Кејрис и Махамед сега треба да одат на Олимписките игри ова лето откако завршија добро под квалификациското време од 2:08:10.

## Формула 1 добива уште една улична трка?

Формула 1 планира да го зголеми бројот на трки во една сезона, а наводно следната улична трка би можела да се вози во Тајланд.

Премиерот на Тајланд веќе одржал состанок со првиот човек на Формула 1 и разговарале за идејата. Планот на властите е да се вози низ Бангкок, кој е познат по сообраќајниот хаос, а засега не е познато дали би се нашла во календарот и кога би се возела.



MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

**ПРВА ДРЖАВНА ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 10 КОЛО**

## Мелбурн Сити – Престон Македонија 0:3



**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Мелбурн Виктори | 26 |
| Норткот Сити | 19 |
| Престон Македонија | 18 |
| Лангварин | 17 |
| Вестерн Јунајтед | 16 |
| Брансвик Сити | 16 |
| Булин Лајонс | 15 |
| Кинстон Сити | 13 |
| Бентли Гринс | 13 |
| Каролајн Спрингс | 9 |
| Истерн Лајонс | 8 |
| Мелбурн Сити | 7 |
| Вереби Сити | 6 |
| Норт Џилонг | 1 |

„Лавовите" на Престон Македонија ги израдуваа верните навивачи со сигурна победа над подмладокот на Мелбурн Сити. Првото полувреме само што започна и се играше петтата минута кога Маркус Шроен ја затресе мрежата на домаќинот за 0:1. Со овој резултат и минимална предност се замина на одмор на крајот од првите 45 минути игра.

Во второто полувреме Арон Андерсон имаше лесна задача во 56 минута да зголеми на 0:2. Сеуште не беа соземени фудбалерите на Мелбурн Сити а Чок Дау во 61 минута после еден брз контранапад го постави конечниот резултат од 0:3.

Во петок, на 26 април, Престон Македонија ја пречекува екипата на Вереби Сити со почеток во 20:30 часот.

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ВИКТОРИЈА, 10 КОЛО**

## Алтона Маџик Вардар – Мелбурн Најтс 1:0



Минимална победа над секогаш незгодниот противник која многу значи за "црвено црните", со што се одлепија од опасната зона и фатен е приклучок со средината на табелата. Во првото полувреме резултатот беше без голови.

За единствениот гол се чекаше се до 74 минута а стрелец беше Дарси Анастасовски кој се покажа втора недела по ред како решавачки играч за уште една победа.

Во сабота, на 27 април, Алтона Маџик Вардар гостува кај Мореланд Сити со почеток во 15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Саут Мелбурн | 26 |
| Авондаел | 23 |
| Хајделберг Јунајтед | 22 |
| Хјум Сити | 22 |
| Окли Канонс | 19 |
| Порт Мелбурн | 18 |
| Данденонг Сити | 13 |
| Мелбурн Најтс | 11 |
| Алтона Маџик Вардар | 10 |
| Манингам | 9 |
| Данденонг Тандер | 8 |
| Грин Гали | 8 |
| Сент Албанс Саинтс | 7 |
| Мореланд Сити | 0 |

**НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА НЈВ, 11 КОЛО**

## АПИА Леикард – Рокдаел Илинден 3:2



АПИА Леикард не дозволи никакво изненадување на оваа средба и од почеток до крај одржуваше водство. Првиот гол падна во 21 минута преку Бен Гибсон за 1:0. Десет минути подоцна како стрелец се запиша и Џек Стјуард за водство од 2:0 за Леикард. Пред да заврши првото полувреме во 41 минута Локлан Констабл намали на 2:1.

Второто полувреме едвај да започна и во 46 минута Рори Џордан зголеми на 3:1. На средина од вториот дел во 73 минута Алек Урошевски го постави конечниот резултат од 3:2, и со тоа само го ублажи поразот на Илинден.

Во недела, на 28 април, Рокдаел Илинден ја пречекува екипата на Волонгонг Вулвс со почеток во 15 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Вестерн Сиднеј Вондерерс | 30 |
| Рокдаел Илинден | 23 |
| АПИА Леикард | 22 |
| Маркони Сталионс | 22 |
| Блектаун Сити | 21 |
| Сиднеј Јунајтед | 20 |
| Волонгонг Вулвс | 17 |
| Сент Џорџ Сити | 17 |
| Сиднеј Олимпик | 15 |
| Сент Џорџ Сеинтс | 13 |
| НЈВ Спирит | 9 |
| Манли Јунајтед | 9 |
| Хилс Брамбис | 9 |
| Сиднеј | 8 |
| Сатерланд | 8 |
| Централ Кост Маринерс | 4 |

**ПРЕМИЕР ЛИГА НА ИЛАВАРА, 7 КОЛО**

## Крингила Лајонс – Волонгонг Јунајтед 3:2



Минатиов петок се одржа македонското дерби во Илавара, на кое играа нашите два претставници - Крингила Лајонс и Волонгонг Јунајтед. Домаќинот беше поуспешен и извојува тесна победа во средбата полна со неизвесност и пресврти. Гостите дојдоа до водство во 26 минута со голот на Самуел Матјус за 0:1. На тоа веднаш одговори Крингила Лајонс и во 30 минута преку Џастин Ивановиќ беше постигнат гол за израмнување од 1:1. Пред крај на првото полувреме Климе Секутковски повторно донесе водство за Волонгонг Јунајтед од 1:2.

Во вториот дел од средбата иницијативата и головите беа од страна на домаќинот и со двата гола на Питер Симоновски во 59 и 68 минута беше решена средбата за победа на Крингила од 3:2.

Во сабота, на 27 април, Крингила Лајонс гостуваат кај Травана Блуз со почеток во 14:30 часот.

Следниот ден в недела, на 28 април, Волонгонг Јунајтед гостува кај Порт Кембла со почеток во 14:30 часот.







### ПРВА ЛИГА НА НЈВ, 11 КОЛО

# Хакоа Сиднеј Сити – Сиднеј Македонија 3:2

Сиднеј Македонија може само да жали што во последните моменти од средбата и избега бод на гостувањето кај Хакоа Сиднеј Сити. Сепак противникот е навистина силен и после 11 кола се уште ја нема почувствувано горчината на поразот и со причина го дели второто место заедно со Нортбриџ.

Крајниот резулта од 3:2 реално ја отсликува средбата и сега Сиднеј Македонија се наоѓа на шестото место на табелата со 17 бодови.

Во петок, на 26 април, Сиднеј Македонија гостува кај Непан со почеток во 20 часот.

**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Маунт Друит | |
| Таун Ренџерс | 28 |
| Нортбриџ Булс | 22 |
| Хакоа Сиднеј Сити | 22 |
| Нордерн Тајгерс | 19 |
| Блактаун Спартанс | 18 |
| Сиднеј Македонија | 17 |
| СД Раидерс | 17 |
| Бенкстаун Берис | 14 |
| Бонириг Вајт Иглс | 13 |
| Макартур Рамс | 12 |
| Дулвич Хил | 11 |
| НЈВ Универзитет | 11 |
| Ридлмаер Лајонс | 10 |
| Данбар Роверс | 7 |
| Непеан | 5 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА ЗА, 6 КОЛО

# Флореат Атена – Стирлинг Лајонс 2:0

Вечниот ривал на Стирлинг Македонија минатава сабота славеше сигурна победа на домашен терен. Головите на средбата беа постигнати во второто полувреме, а Гај Дависво 68 минута прв ја затресе мрежата за 1:0. Вториот гол беше постигнат пред крај на средбата во 94 минута од Кајл Мареј за конечните 2:0.

Во сабота, на 4 мај, Стирлинг Македонија го пречекува Перт Ред Стар со почеток во 17 часот.



**ТАБЕЛА**

| | |
|---|---|
| Вестерн Најтс | 14 |
| Флореат Атена | 13 |
| Олимпик Кингсвеј | 11 |
| Бејсвотер Сити | 10 |
| Фрементел Сити | 10 |
| Стирлинг Македонија | 9 |
| Перт Ред Стар | 8 |
| Перт Глори | 8 |
| Перт | 7 |
| Балката | 5 |
| Армадел | 4 |
| Инглвуд Јунајтед | 0 |

### НАЦИОНАЛНА ПРЕМИЕР ЛИГА НА СЕВЕРЕН НЈВ, 8 КОЛО

# Откажана средбата Бродмедоу Маџик – Маитланд

Поради силните дождови теренот на Бродмедоу Маџик не беше во состојба за одржување на средбата и се откажа натпреварот што требаше да се игра во неделата. Двата клуба дополнително ќе се договорат кога ќе им одговара да се одржи натпреварот во наредните денови.

Во недела, на 28 парил, Бродмедоу Маџик гостува кај Чарлстаун со почеток во 14:30 часот.

### СЕЛЕКТОРИТЕ ПОБЕДИЈА:

# Репрезентациите на ЕВРО 2024 ќе имаат по 26 играчи!

Европската фудбалска унија (УЕФА) ја потврди одлуката и на континенталниот собир по примерот на последниот Мундијал ќе дозволи прошириен список на репрезентативци.

Селекторите на репрезентациите учесници за турнирот ќе може да повикаат 26 фудбалери, наместо пропишаните 23 како што беше досега.

Овој пример беше усвоен за време на пандемијата со ковид-19, а остана на сила за Светското првенство, па така ќе биде и на следното Европско. Селекторите беа најгласни во барањето за проширување на списоците, пред сè поради зголемениот број натпревари на елитните играчи во текот на сезоната.

# Бонмати и Ѓоковиќ добитници на спортските оскари за 2023




Шпанската фудбалерка Аитана Бонмати и српскиот тенисер Новак Ѓоковиќ се добитници на наградата Лауреус, таканаречените Оскари за најдобра спортистка и спортист во 2023 година.

Минатата година Бонмати беше избрана за најдобар играч во изборот на ФИФА, а беше прогласена и за најкорисен играч (МВП) на Светското првенство на кое Шпанија ја освои шампионската титула.

Новак Ѓоковиќ ја освои наградата Лауреус по петти пат во кариерата (се израмни со Роџер Федерер), откако минатата година освои три од четирите грен – слем турнири (Австралија Опен, Ролан Гарос, УС Опен) и играше во финалето на четвртиот (Вимблдон). Србинот го крена пехарот наменет за најдобар спортист на годината и во 2012, 2015, 2016 и 2019 година.

Спортистите за наградата Лауреус се номинирани од претставници на светските медиуми, а победниците ги избираат 69 членови на Светската спортска академија Лауреус. Наградата е основана во 2000 година. Покрај Ѓоковиќ, во машка конкуренција годинава номинирани беа и Арманд Дуплантис, Ноа Лајлс, Макс Верстапен, Лионел Меси и Ерлинг Халанд.

Добитници на наградата Лауреус за 2023 година:

Спортистка на годината: Аитана Бонмати

Спортист на годината: Новак Ѓоковиќ

Тим на годината: Шпанска женска фудбалска репрезентација

Најголем напредок: Џуд Белингем

Повратничка на годината: Симон Белс

Најдобра спортистка со попреченост: Диде де Грот

Спортистка на годината во акциски спортови: Ариса Трев

Награда за хуманитарна работа: Фондација Рафа Надал која им помага на повеќе од 1.000 талентирани млади луѓе од Шпанија и Индија.




Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски ДЕНЕС
ISSN 1442-195X

# Спорт




# ВЕРСТАПЕН ДОМИНАНТНО ДО ПРВА ПОБЕДА ВО КИНА

Победата на Карлос Саинц во Австралија очигледно беше само случајна, бидејќи Макс Верстапен повторно ја потврди апсолутната доминација во Кина.

Возачот на Ред Бул убедливо ја извојува четвртата победа сезонава и прва во кариерата на Големата награда на Кина, која првпат се одржа од 2019 година.

На Верстапен му беа потребни еден час, 40 минути и 52 секунди за 58. победа во кариерата, а неговиот триумф ќе беше уште поубедлив ако безбедносното возило не мораше двапати да излезе на патеката.

Холанѓанецот славеше со 13 секунди предност пред Британецот Ландо Норис (Мекларен), а на подиумот им се придружи уште еден возач на Ред Бул, Мексиканецот Серхио Перез (+19.160).

На четвртото и петтото место заврши дуото на Ферари, Шарл Леклер и Шпанецот Карлос Саинц Јуниор. Шести беше Британецот Џорџ Расел (Мерцедес), а седмото место го освои Шпанецот Фернандо Алонсо (Астон Мартин), кој освои дополнителен бод за најбрз круг.

Со четири победи во пет трки оваа сезона, Верстапен ита кон четвртата последователна светска титула. Холанѓанецот има 110 бода во генералниот пласман, 25 повеќе од второпласираниот тимски колега Серхио Перез. Трет е Шарл Леклер со 76 бодови, а четврти е Карлос Саинц со 69. Петтото место го држи Ландо Норис со 58 бодови.

Следна е трката за Големата награда на Мајами што ќе се одржи на 5 мај.

БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА
НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места / Comcare Claims
- Суперанулација / неспособност за работа




ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ



arnold thomas & becker lawyers

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

573-577 Lonsdale Street, Melbourne VIC www.arnoldthomasbecker.com.au